АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.05.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2460 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица постапило по Опомената пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка, којашто Агенцијата му ја упати по извршен вонреден програмски надзор. Вонредниот надзор беше извршен на 18 април 2017 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот, и по приемот на Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување (Уп1 бр.08-101 од 21.03.2017 година), продолжил да емитува телевизиска програма, што е спротивно на член 62 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. **Претходно изречена мерка:** Опомена пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка бр.03-2211/1 од 21.04.2017 година.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица престанало да обезбедува телевизиско емитување, со што го отстранило прекршувањето на член 62 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***